Врз основа на член 16 став (4) од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25), министерката на образование и наука донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за формата и содржината на договорот кој се склучува помеѓу установата или институцијата за образование на возрасните и учесникот**

**Член 1**

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на договорот кој се склучува помеѓу установата или институцијата за образование на возрасните и учесникот.

**Член 2**

Договорот од член 1 од овој правилник е на образец, чија содржина е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото донесување.

**Бр.18-6718/1**
**8.05.2025 година**
**Скопје**

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска с.р.**

Прилог

Врз основа на член 16 став (1) од од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.3/25) се склучи следниот

**Договор**
**за реализација на образовен процес за возрасни**

Склучен на ден _____________година, во_______________________, помеѓу договорните страни:

**1.** Установата/институцијата ____________________________________________________
________________________________________________________________________________
(во натамошниот текст: понудувач на услуги), со седиште на ________________________
___________________________________ општина _________________________________
e-mail ____________________________________ тел. __________________, застапувана од ____________________________________ и

**2.** Учесникот во натамошниот текст (учесник) ___________________________________, ___________________________________ МБГ________________________, со адреса на живеење _______________________________________________________________ општина ______________________ град_________________________ тел._______________
e-mail ________________________, вклучен/а во програмата за образование на возрасни за ________________________________________________________________________________.
Ако учесникот е малолетен тогаш договорот го потпишува родител/старател ________________________________________________________________________________
адреса _______________________________________ општина________________________
тел. ______________________ e-mail ___________________.

Страните се согласуваат да ги регулираат своите права и обврски согласно следните одредби:

**Предмет на договорот**
**Член 1**

Со овој договор се регулираат правата и обврските на понудувачот на услуги и учесникот во врска со спроведување на програмата за образование на возрасните со назив: _____________________________________________________________________________

**Место и време на реализација**
**Член 2**

Образовниот процес ќе се реализира на локацијата: __________________________
________________________________________________________________________________

Времетраењето на програмата е од (датум на почеток) _____________ година до (датум на завршување) _____________ година, согласно распоредот кој ќе биде доставен до учесникот пред почетокот на програмата.

Бројот на наставните часови согласно програмата за образование на возрасните изнесува _________ часа неделно, односно ________ часа вкупно.

**Финансиски надоместок**
**Член 3**

Вкупниот финансиски надоместок за учество во програмата ги плаќа ______________________________________________________________________________ ______________________________________________________________________________.

Надоместот за трошоците за обуката на учесникот ________ денари.

Надоместокот ќе се исплати на следниот начин:

- _______________________________________________________________

(детали за уплатата, рати или еднократна уплата).

Уплатата ќе се врши на трансакциската сметка на понудувачот на услуги:

(број на сметка) _____________________________________.

**Обврски на страните**

**Член 4**

Обврски на понудувачот на услуги:

- да обезбеди квалитетно спроведување на програмата согласно законските прописи, утврдени стандарди и норматив за стандарди за простор, опрема и наставен кадар за следење на програмата за образование;
- да обезбеди квалификуван наставен кадар и потребни услови за изведување на наставата и
- по успешно завршување на програмата, да издаде соодветен сертификат/сведителство односно јавна исправа.

Обврски на учесникот:

- да ги следи сите предавања и активности согласно распоредот;
- да ги почитува правилата, одредбите и насоките на понудувачот на услуги и
- да го уплати финансискиот надоместок во утврдените рокови.

**Правна поука**

**Член 5**

Овој договор е полноважен ако е потпишан од двете договорни страни.

**Ракинување на договорот**

**Член 6**

Договорот се раскинува во рок од 10 (десет) дена, по поднесено барање на некој од потписниците на договорот или поради престанок со работа на понудувачот на услуги.

**Решавање на спорови**

**Член 7**

Доколку дојде до спор помеѓу страните, тие ќе се обидат да го решат спорот по пат на мирно спогодување.

Доколку не се постигне согласност, спорот ќе биде предмет на решавање пред надлежниот суд во ____________________________ (град/општина).

**Завршни одредби**

**Член 8**

Овој договор стапува на сила со денот на потпишувањето од двете страни.

Договорот е изготвен во два идентични примерока, од кои секоја страна задржува по еден примерок.

Договорни страни

| | |
|---|---|
| Понудувачот на услуги | Учесник |
| ____________________________ | _____________________________ |
| (име и презиме, позиција) | (име и презиме) |

Родител/старател

______________________________

(име и презиме)

Место и датум:

______________________________